


# Вашиот службен водач за сојузните избори 2007 г.

## Сабота, 24 ноември 2007 г.

AEC
Australian Electoral Commission
*Your vote is a valuable thing*

Macedonian

# Вашиот службен водач за сојузните избори 2007 г.

## Сабота, 24 ноември 2007 г.

### **Ден за сојузни избори**

Денот на одржување на сојузните избори е **сабота, 24 ноември 2007 г.**

Гласачките места ќе се отворат во **8 часот претпладне** а ќе се затворат точно во **6 часот попладне**.

Може да гласате во **било кое гласачко место во вашата изборна единица** на денот на изборите.

За да проверите која е вашата изборна единица или каде се наоѓаат гласачките места, појдете на **www.aec.gov.au** или телефонирајте на **13 23 26**. Список на гласачките места исто така ќе биде објавен и во поголемите весници кога ќе наближи денот на изборите. За овие информации на *македонски јазик* телефонирајте на *1300 720 139.*

Ако **не можете да дојдете на гласачкото место** во вашата изборна единица, во оваа книшка има информации за тоа на кои други начини може да се гласа.

**Гласањето е задолжително за австралиските државјани што се запишани во гласачките списоци и се на возраст од 18 и повеќе години.** Ако не гласате, а немате оправдана причина за тоа, може да бидете казнети.

Погрижете се вашиот глас да биде важечки - прочитајте ги информациите на последната страница за да видите како треба правилно да гласате.

За да побарате примероци од водачот на други јазици или во други расположиви форми, телефонирајте на 13 23 26 или симнете од www.aec.gov.au.

Лицата што се глуви или што имаат оштетен слух или говор, може да се јават преку Националната служба за поврзување (National Relay Service): корисници на TTY или модем: телефонирајте на 133 677 и внесете го бројот 13 23 26. Корисници само на гласовни повици (зборување и слушање): телефонирајте на 1300 555 727 и наведете го бројот 13 23 26.

# Кога и каде да гласате

## Кога да гласам?

Сојузните избори се одржуваат во сабота, 24 ноември 2007 г. Гласачките места ќе отворат во **8 часот претпладне,** а ќе затворат точно во **6 часот попладне**.

## Каде да гласам?

Гласањето обично се врши на гласачко место. Ако се наоѓате во вашето локално подрачје на денот на изборите, може да гласате во било кое гласачко место во вашата изборна единица.

Дознајте каде се гласа во вашето локално подрачје со помош на наоѓачот на гласачките места на **www.aec.gov.au**, или телефонирајте на **1300 720 139***.* Список на гласачките места исто така ќе биде објавен и во поголемите весници.

За список на гласачки места што имаат пристап за онеспособени лица појдете на **www.aec.gov.au**. На гласачките места исто така има и специјален начин на гласање за луѓето што не можат да излезат од кола.

Најлесен начин за гласање е да појдете на гласачкото место на денот на изборите.

## Дали има и други начини да се гласа?

Во зависност од вашите околности, **може** ги исполнувате условите да гласате:

- **во центар за предвремено гласање или во канцеларија на AEC**. Центрите за предвремено гласање ви овозможуваат да гласате лично пред денот на изборите.

Центрите за предвремено гласање се наоѓаат на пристапни места како што се трговските центри и аеродромите, а некои од нив ќе бидат отворени и вон вообичаеното работно време. За повеќе информации посетете го **www.aec.gov.au** **или телефонирајте** на ***1300 720 139***.

- по пошта. Може да поднесете барање за гласање по пошта така што ќе пополните молбен формулар. Потоа гласачките ливчиња ќе ви бидат испратени по пошта и откако ќе ги пополните, пратете го до AEC во приложениот плик за кој е платена поштарината. Молбените формулари за гласање по пошта ги има во секоја пошта, во канцелариите на AEC или на www.aec.gov.au

  Запомнете да оставите доволно време за да ви стигнат по пошта гласачките ливчиња. Мора да поднесете барање за гласање по пошта пред четврток, 22 ноември, а вашите пополнети гласачки ливчиња мора да носат поштенски жиг пред 6 часот попладне на денот на изборите. Во спротивно вашиот глас нема да важи.

## Што ако не сум дома на денот на изборите?

**Сепак може да гласате.**

**Ако сте во вашата држава или територија** на денот на изборите, но надвор од вашата изборна единица, може да гласате на било кое гласачко место. Тоа се нарекува гласање во отсуство.

**Ако сте во друга држава или територија во Австралија** на денот на изборите, може да гласате во било која подрачна канцеларија на AEC или во гласачки центар за лица од други австралиски држави и територии. Важно е да запомните дека не можете да гласате во било кое гласачко место; тоа мора да го направите во специјален гласачки центар за лица од други австралиски држави и територии. Или пак може да гласате пред да заминете од дома во центар за предвремено гласање или по пошта.

**Ако сте во странство** на денот на изборите, може да гласате лично или по пошта во повеќето австралиски амбасади или мисии во странство (проверете пред да ги посетите). Исто така може да гласате пред да ја напуштите Австралија во центар за предвремено гласање или по пошта.

Појдете на www.aec.gov.au или телефонирајте на 1300 720 139 за да дознате:

- на кои гласачки места ќе се гласа на денот на изборите
- кои се центрите за предвремено гласање
- кои се гласачките центри за лица од други австралиски држави и територии
- поединости за подвижно гласање
- кои се подрачни канцеларии на AEC
- информации за гласањето по пошта

## Што ако сум во болница или во дом за нега на денот на изборите?

Во некои болници и домови за нега доаѓаат тимови за подвижно гласање неколку дена пред изборите или на самиот ден на изборите. Ако тоа не е случајот со вашата болница или дом за нега, може да поднесете барање да гласате по пошта. На приемните одделенија на болниците и домовите за нега често може да се добијат молбени формулари.

## Што ако сум во некое оддалечено подрачје на денот на изборите?

Во многу оддалечени гратчиња и заедници доаѓаат тимови за подвижно гласање. Тоа обично почнува околу 2 недели пред денот на изборите. Проверувајте ги плакатите во канцеларијата на вашата локална општина, слушајте радио или прочитајте во вашиот локален весник во кое време и на кој датум тимовите за подвижно гласање ќе го посетат вашето подрачје. Може да поднесете барање за гласање по пошта ако во вашата близина не доаѓа тим за подвижно гласање.

## Што ако имам некоја друга причина поради која не можам да гласам на денот на изборите?

Може да има и други причини што ќе ве спречат да гласате на денот на изборите. На пример:

- оддалечени сте повеќе од 8 км од најблиското гласачко место во вашата држава или територија
- наскоро треба да се породите
- тешко сте болни или се грижите за болно лице
- вашите верски убедувања ве спречуваат да дојдете на гласачкото место на денот на изборите
- работите или патувате на денот на изборите

Во овие случаи може да гласате лично пред денот на изборите во центар за предвремено гласање или по пошта.

Некои припадници на оружените сили што се на служба во странство ќе имаат можност да гласаат електронски како дел од пробното безбедно електронско гласање – ова пробно гласање е прво од таков вид во Австралија.

Гласачите што се слепи или имаат слаб вид имаат можност да бидат вклучени во пробното електронско гласање. За прв пат ќе има на располагање електронски гласачки машини во одбрани центри за предвремено гласање во текот на изборите. За повеќе информации посетете го www.aec.gov.au

Лицата што отслужуваат затворска казна помала од три години имаат право да гласаат. Затворениците исто така може да ги користат службите за подвижно гласање или да гласаат по пошта.

# На гласачкото место

## Што се случува на гласачкото место?

На гласачките места ќе може да добиете помош ако ви е потребна. Службениците за гласање ќе имаат информации како

да гласате правилно напишани на *македонски јазик,* а може да побарате помош и за да ги пополните гласачките ливчиња. Исто така може да поведете некого со вас, на пример член на семејството или пријател за да ви помогне, но за тоа ќе треба да ги известите службениците за гласање пред да гласате.

На некои гласачки места ќе има службеници за гласање што зборуваат други јазици покрај англискиот. Тие ќе носат значка за да знаете кои јазици ги зборуваат.

1. На гласачкото место службеникот за гласање:
    - ќе ве праша за вашето полно име и презиме, адреса, и дали претходно сте гласале на овие избори

      На некои гласачки места овие прашања ќе може да бидат поставени и на други јазици покрај англискиот – известете го службеникот ако тие прашања сакате да ви ги постават на вашиот јазик.

    - службеникот за гласање потоа ќе го провери вашето име на гласачкиот список – тоа е список со имињата на сите луѓе што имаат право да гласаат на изборите.

2. Ќе ви дадат две гласачки ливчиња:
    - зелено ливче за Претставничкиот дом (House of Representatives)
    - бело ливче за Сенатот (Senate)

3. Прочитајте ги внимателно упатствата на обете гласачки ливчиња бидејќи на секое од нив има различни упатства. Побарајте помош од службеникот за гласање ако не сте сигурни за нешто. На зеленото гласачко ливче мора да ставите бројка во секој четириаголник. На белото гласачко ливче може или да ставите ‘1’ во четириаголникот над цртата, или да ставите бројка во секој четириаголник под цртата. **Погледнете ги упатствата за пополнување на гласачките ливчиња на последната страница од овој водач.**

Ако згрешите, не грижете се: само побарајте ново гласачко ливче од службеникот за гласање

4. Откако ќе ги пополните гласачките ливчиња, свиткајте ги и секое гласачко ливче ставете го во одделните поставени кутии за гласачки ливчиња.

Може да ги најдете вашите локални гласачки места на www.aec.gov.au, или ако телефонирате на 1300 720 139. Список на локалните гласачки места исто така ќе биде објавен во поголемите весници кога ќе наближи денот на изборите.

## Што ако службеникот за гласање не може да го најде моето име во гласачкиот список?

Сепак може да гласате – тоа се нарекува времен глас. За да го дадете вашиот времен глас, ќе треба да покажете доказ за тоа кој сте вие – или на гласачкото место, или до крајот на работното време првиот петок по денот на изборите. Добро е да носите документ за идентификација со себе на гласачкото место – за секој случај. Се прифаќаат разни документи, на пример, возачка дозвола, Medicare картичка или студентска картичка.

Времениот глас е глас што се чува запечатен во плик кога името на гласачот не можат да го најдат во гласачките списоци. Гласачот го потпишува пликот, а името на гласачот се проверува во гласачките списоци за да се провери дали гласот е важечки.

Надвор од гласачките места, службеници на политичките партии може да ви даваат картички за тоа како да гласате и кои ви препорачуваат да гласате за одреден кандидат или партија. Не мора да ги следите тие картички. *Само вие одлучувате за тоа како ќе гласате.*

# Промени на границите на изборните единици

## Дали живеете во New South Wales, Queensland или во Australian Capital Territory?

Ако живеете, можно е границите на вашите изборни единици да се имаат променето.

По сојузните избори во 2004 г. беа направени измени во границите на некои изборни единици во ACT, NSW и QLD. Сега можеби спаѓате во друга изборна единица, дури и ако не сте ја промениле адресата.

**За да проверите во која изборна единица ќе гласате, или за да ги видите картите на сегашните граници на сојузните изборни единици, појдете на www.aec.gov.au или телефонирајте на 1300 720 139.**

*Австралиската изборна комисија (Australian Electoral Commission - AEC) ги спроведува сојузните избори и референдуми, ги оддржува сојузните гласачки списоци и пружа низа разновидни информации и програми за поучување во врска со изборите.*

*AEC е независно законско тело.*